# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10 и 135/11), во членот 2 точка 2 на крајот од реченицата зборовите: "или е котирано на берза" се заменуваат со зборовите: „освен друштвата котирани на берза".

Точката 44 се менува и гласи:

„44. "Хартии од вредност" се акции издадени од акционерски друштва и од командитни друштва со акции, акции во инвестициските фондови кои работат според Законот за инвестициски фондови, обврзници, инструменти на пазарот на пари, деривативни финансиски инструменти, потврда за странска хартија од вредност и други финансиски инструменти кои според Комисијата се сметаат за хартии од вредност. Овие хартии од вредност се неограничено преносливи."

Член 2

Во членот 12 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Првата јавна понуда на хартии од вредност објавена од акционерско друштво или јавна понуда објавена при преобразба на друштво со ограничена одговорност и друштво со ограничена одговорност од едно лице во акционерско друштво е иницијална јавна понуда."

Член 3

Во членовите 14 став (3) и 27 став (8) зборовите: „и одобрување на" се заменуваат со зборовите: „и одлучување по".

Член 4

Во членот 67 ставот (2) се брише.

Ставот (3) кој станува став (2) се менува и гласи:

"(2) При регистрирање на хартиите од вредност и при секоја настаната промена на сопственоста, депозитарот е должен на сопственикот на хартии од вредност да му достави извод од состојбата на сметка на хартии од вредност, без надоместок и во рок од пет работни дена од регистрирањето, односно настанувањето на промената."

Ставот (4) кој станува став (3) се менува и гласи:

"(3) Депозитарот е должен на барање на сопственикот на хартии од вредност да му издаде извод од состојбата на сметка. За издавање на изводот, сопственикот плаќа надоместок утврден во тарифата на депозитарот."

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (4) и (5).

Член 5

По членот 80 се додава нов наслов и нов член 80-а, кои гласат:

„Задолжителна котација

Член 80-а

(1) Издавачите на хартии од вредност кои не се котирани на берза, а кои ги исполнуваат посебните услови за задолжителна котација утврдени со правилата за котација на берзата, се должни да ги котираат своите хартии од вредност на посебна платформа "задолжителна котација" на официјалниот пазар на берзата (во натамошниот текст: задолжителна котација).

(2) Одлука за задолжителна котација на хартиите од вредност на берза донесува органот на управување на издавачот на хартии од вредност од ставот (1) на овој член.

(3) Општ услов за задолжителна котација на хартиите од вредност на берза е тие да бидат целосно уплатени и неограничено преносливи.

(4) Посебните услови, постапката и начинот за котирање на хартии од вредност на задолжителна котација се уредуваат со правилата за котација донесени од берзата.

(5) Правилата за котација задолжително утврдуваат услови за обелоденување на информации и известувања од страна на издавачот чии хартии од вредност котираат на задолжителна котација. Овие услови не можат да бидат помалку детални или строги од условите за обелоденување на информации и известување на акционерските друштва со посебни обврски за известување согласно со овој закон.

(6) Берзата води регистар за секој издавач чии хартии од вредност котираат на задолжителна котација во кој се евидентираат и чуваат сите релевантни податоци и документи за издавачот.

(7) Издавачот чии хартии од вредност котираат на задолжителна котација е должен да ги почитува правилата за котација на берзата.

(8) Хартиите од вредност кои котираат на задолжителна котација можат да бидат исклучени од задолжителната котација само при стечај и ликвидација на издавачот.

(9) Издавачот чии хартии од вредност котираат на задолжителна котација може да ги пренесе хартиите од вредност на друга платформа на официјалниот пазар за тргување, согласно со правилата на берзата."

Член 6

Во членот 153 ставот (1) се менува и гласи:

„Комисијата води Регистар на акционерските друштва со посебни обврски за известување (во натамошниот текст: Регистарот). Акционерското друштво и командитното друштво со акции се запишуваат во Регистарот доколку ги исполнуваат условите за акционерско друштво со посебни обврски за известување."

Член 7

Насловот на членот и членот 155 се бришат.

Член 8

Насловот на членот и членот 157 се бришат.

Член 9

Насловот на членот и членот 158 се менуваат и гласат:

„Тековни извештаи за ценовно чувствителни информации

Член 158

(1) Акционерското друштво е должно веднаш, а најдоцна наредниот работен ден, до Комисијата да достави извештај за настанување на секоја ценовно чувствителна информација (во натамошниот текст: тековни извештаи) и најдоцна во рок од пет работни дена најмалку во еден дневен весник во Република Македонија да објави соопштение за ценовно чувствителната информација.

(2) Тековните извештаи Комисијата веднаш по добивањето ги објавува на нејзината веб страница.

(3) Тековните извештаи и јавното соопштение од ставот (1) на овој член се однесуваат особено на:

1) загуба поголема од 30% од активата на друштвото;

2) намалување на основната главнина под големината утврдена во статутот на друштвото;

3) стекнување или отуѓување на над 5% од средствата на акционерското друштво;

4) донесени одлуки за зделки со заинтересирана страна и мислењето на овластениот ревизор, доколку вредноста на зделката или кумулативната вредност на меѓусебно поврзани зделки во текот на изминатите 12 месеци од денот на одобрувањето на зделката надминува 10% од вредноста на активата на друштвото;

5) донесени одлуки за големи зделки;

6) промена на овластен ревизор;

7) оставка, разрешување и именување на членовите на органите на управување;

8) склучување или раскинување на договори или други правни работи кои влијаат врз работата и исполнувањето на основната дејност на акционерското друштво;

9) секој настан кој може да предизвика ненавремено или предвремено плаќање на финансиските обврски на акционерското друштво;

10) поднесен предлог за отворање стечајна постапка или постапка на ликвидација, или поведена претходна постапка, односно отворена постапка на стечај пред надлежен суд или отворена постапка на ликвидација;

11) неисполнување на обврски врз основа на издадени хартии од вредност од страна на акционерското друштво;

12) сите судски постапки во кои е вклучено акционерското друштво како тужител, односно тужена страна чија вредност изнесува најмалку 5% од вредноста на капиталот на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи;

13) сите промени на правата што ги носат акциите од ист род и

14) сите засновани залози (заложно право) врз подвижни ствари, хартии од вредност, побарувања и други права (рачен залог) и врз недвижности (хипотека) чијашто вредност, поединечно и/или кумулативно, изнесува најмалку 5% од вредноста на капиталот на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи."

Член 10

По членот 158 се додава нов наслов и нов член 158-а, кои гласат:

„Материјали за акционерско собрание

Член 158-а

Акционерското друштво е должно во рок од два дена од свикувањето на седница на собранието на акционери до Комисијата, по електронски пат, да ги достави сите материјали што им се доставени на акционерите при свикување на седниците на собранието на акционери."

Член 11

Во членот 160 по зборот „полугодишен" запирката и зборот „тримесечен" се бришат.

Член 12

Во членот 164 броевите „154, 155, 156, 157 и 158" се заменуваат со броевите „154, 156 и 158".

Член 13

Во членот 182 ставот (3) се менува и гласи:

"Двајца комисионери (членови) професионално ја вршат својата функција во Комисијата, а тројца се надворешни комисионери (членови) на Комисијата кои се ангажираат за вршење на работи во Комисијата, за што им следува надоместок."

По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Комисионерите (членови) кои професионално ја вршат својата функција во Комисијата се со полно работно време и не може да имаат друга функција и да бидат вработени на друго место или да добиваат друг надоместок освен платата како комисионери (членови) и надоместоци од повремени едукативни и авторски хонорари.

(5) Надворешните комисионери (членови) имаат право на месечен надоместок кој го утврдува Комисијата."

Член 14

Во членот 184 точка о) сврзникот „и" на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката п) точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додаваат две нови точки р) и с), кои гласат:

„р) поблиску ги пропишува условите кои треба да ги исполнува овластениот ревизор за да може да дава мислења во постапка за одобрување зделка со заинтересирана страна согласно со Законот за трговските друштва и

с) ги пропишува содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапката за одобрување на зделка со заинтересирана страна."

Член 15

По членот 184 се додаваат два нови наслови и два нови члена 184-а и 184-б, кои гласат:

„Услови за овластен ревизор за давање мислења во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна

Член 184-а

(1) Овластен ревизор кој може да дава мислење на акционерско друштво за зделка со заинтересирана страна, покрај условите од Законот за ревизија, мора да ги исполнува и следниве услови:

1) да има искуство во вршење ревизии повеќе од една година;

2) да е вработен во друштво за ревизија;

3) во последните три години да не бил под мерки изречени од страна на надлежен орган од областа на ревизијата и

4) да е запишан во Регистарот на овластени ревизори кои даваат мислење во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна, кој го води Комисијата.

(2) Акционерското друштво пред да назначи овластен ревизор за одобрување на зделка со заинтересирана страна треба да утврди дека овластениот ревизор освен условите од ставот (1) на овој член ги исполнува и следниве услови:

1) да нема конфликт на интереси меѓу акционреското друштво и овластениот ревизор кој дава мислење во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна на односното акционерско друштво и

2) во последните три години овластениот ревизор да не давал консултантски услуги на акционерското друштво.

(3) Комисијата поблиску ги пропишува условите од ставовите (1) и (2) на овој член и документацијата која се приложува како доказ за нивно исполнување.

Регистар на овластени ревизори

Член 184-б

(1) Комисијата води Регистар на овластени ревизори кои даваат мислење во постапка на одобрување на зделка со заинтересирана страна кој се води во електронска форма и е достапен на интернет страницата на Комисијата.

(2) Комисијата ги пропишува содржината, начинот на водење и постапката за запишување на овластените ревизори во Регистарот од ставот (1) на овој член.“

Член 16

Во членот 189 ставот (1) се менува и гласи:

„Комисијата не одговара за веродостојноста, потполноста и точноста на податоците содржани во Проспектот и поканата за јавна понуда, соопштението за приватен пласман, за мислењето од овластениот ревизор во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна и за друг извештај доставен до Комисијата, акционерите и јавноста од страна на издавачот. Комисијата не одговара и за податоците содржани во документацијата за упис и бришење од Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување.“

Член 17

Во членот 227 став (2) точките а) и б) се менуваат и гласат:

„а) надоместоци за одлучување по барање на одобрение за издавање на хартии од вредност;

б) надоместоци за одлучување по барање на дозволи за работење на сите овластени учесници на пазарот со хартии од вредност, односно брокерски куќи, берзи, депозитари, банки, брокери и инвестициони советници;“.

Точките д) и ѓ) се менуваат и гласат:

„д) надоместоци за одлучување по барање на согласност на актите на здруженијата на учесниците на пазарот на хартии од вредност;

ѓ) надоместоци за одлучување по барање на согласност за именување на директори на учесниците на пазарот на хартии од вредност;”.

Член 18

Во членот 232-а став (1) по бројот „242“ се додаваат броевите „242-а, 242-б“.

Член 19

Во членот 233 став (1) точка 18 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова точка 19, која гласи:

„19) не ги извршува обврските кои произлегуваат од членот 80-а од овој закон.“

Член 20

Во членот 242 став (1) точката 5 се менува и гласи:

„не ги достави до Комисијата тековните извештаи и/или не ги објави ценовно чувствителните информации во согласност со членот 158 од овој закон;“.

Член 21

По членот 242 се додаваат два нови члена 242-а и 242-б, кои гласат:

„Член 242-а

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на акционерското друштво од членот 184-а од овој закон, ако:

1) назначи овластен ревизор спротивно на условите од членот 184-а ставови (1) и (2) од овој закон и

2) не ја обезбеди потребната документација од членот 184-а став (3) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во акционерското друштво за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 242-б

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластениот ревизор од членот 184-а од овој закон, ако не даде мислење за зделката со заинтересирана страна во пропишана содржина и форма согласно со овој закон.“

Член 22

Издавачите на хартии од вредност кои со состојба на 31 декември 2012 година, 31 декември 2013 година, 31 декември 2014 година, 31 декември 2015 година и 31 декември 2016 година ќе ги исполнат условите за задолжителна котација утврдени со правилата за котација на берзата, се должни најдоцна до 30 април наредната година да поднесат барање до берзата за котирање на своите хартии од вредност на платформата задолжителна котација.

Доколку хартиите од вредност кои котираат на берза согласно со членот 80 од овој закон се исклучат од котација на берзата во периодот од ставот (1) на овој член, се пренесуваат на платформата задолжителна котација на берзата, доколку ги исполнуваат условите од членот 80-а од овој закон.

Член 23

Постојните членови на Комисијата за хартии од вредност продолжуваат да ја вршат функцијата на членови на Комисијата за хартии од вредност до именување на новите членови на Комисијата за хартии од вредност согласно со овој закон.

Владата на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон до Собранието на Република Македонија ќе достави предлог за именување на членови на Комисијата за хартии од вредност согласно со овој закон.

Член 24

На акционерските друштва чии хартии од вредност се котираат на берза се применуваат одредбите од Законот за преземање на акционерските друштва („Службен весник на Република Македонија“ број 4/2002, 37/2002, 36/2007, 67/10 и 35/11) во период од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 25

Одредбите од членот 1 со кој се дополнува членот 2 точка 2 за делот за задолжителна котација, членот 5 со кој се дополнува нов член 80-а и членот 22 од овој закон, престануваат да важат на 30 април 2018 година.

Член 26

Подзаконските акти од овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR LETRA ME VLERE

Neni 1

Në Ligjin për letra me vlere ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10 dhe 135/11), në nenin 2 pika 2) fjalet në fund të fjalise: "ose eshte kuotuar në burse" zevendesohen me fjalet: "pervec shoqerive të kuotuara në burse."

Pika 44 ndryshohet si vijon:

"44. "Letra me vlere" jane: aksionet e leshuara nga shoqerite aksionare dhe shoqerite komanditore me aksione, aksionet në fondet investuese që punojne sipas Ligjit për fonde investuese, obligacionet, instrumentet në tregun e parave, instrumentet financiare derivative, vertetimi për leter të huaj me vlere dhe instrumente tjera financiare që sipas Komisionit konsiderohen edhe letra me vlere. Keto letra me vlere jane të barrshme në menyre të pakufizuar."

Neni 2

Në nenin 12 pas paragrafit (1) shtohet paragrafi i ri (2), si vijon:

"(2) Oferta e pare publike e letrave me vlere e shpallur nga shoqeria aksionare apo oferta publike e shpallur gjate transformimi i shoqerise me pergjegjesi të kufizuar dhe shoqerise me pergjegjesi të kufizuar nga një person në shoqerine aksionare, eshte oferte publike iniciale."

Neni 3

Në nenet 14 paragrafi (3) dhe 27 paragrafi (8) fjalet: "dhe miratimi i" zevendesohen me fjalet: "dhe vendimmarrje për".

Neni 4

Në nenin 67 paragrafi (2) shlyhet.

Paragrafi (3) i cili behet paragraf (2) ndryshohet si vijon:

"(2) Gjate regjistrimit të letrave me vlere dhe gjate çdo ndryshimi të shkaktuar të pronesise, depozitari detyrohet që pronarit të letrave me vlere t'i dorezoje ekstrakt nga gjendja e llogarise së letrave me vlere, pa kompensim dhe në afat prej pese diteve të punes nga regjistrimi, perkatesisht shkaktimi i ndryshimit."

Paragrafi (4) i cili behet paragraf (3) ndryshohet si vijon:

"(3) Depozitari detyrohet që me kerkese të pronarit të letrave me vlere t'i jape ekstrakt nga gjendja e llogarise. Për leshimin e ekstraktit, pronari paguan kompensim të percaktuar në tarifen e depozitarit."

Paragrafet (5) dhe (6) behet paragrafe (4) dhe (5).

Neni 5

Pas nenit 80 shtohet titull i ri dhe nen i ri 80-a, si vijojne:

"Kuotizimi i detyrueshem

Neni 80-a

(1) Emetuesit e letrave me vlere që nuk jane të kuotuar në burse, e që i plotesojne kushtet e vecanta për kuotizim të detyrueshem të percaktuara me rregullat për kuotizim në burse, detyrohen t'i kuotojne letrat e tyre me vlere në platforme të vecante "kuotizimi i detyrueshem" në tregun zyrtar të burses (në tekstin e metejme: kuotizimi i detyrueshem).

(2) Vendim për kuotizim të detyrueshem të letrave me vlere në burse, miraton organi drejtues i emetuesit të letrave me vlere nga paragrafi (1) i ketij neni.

(3) Kusht i pergjithshem për kuotizim të detyrueshem të letrave me vlere në burse eshte që ato të paguhen në teresi dhe të jene të barrshme në menyre të pakufizuar.

(4) Kushtet e vecanta, procedura dhe menyra e kuotimit të letrave me vlere në kuotizim të detyrueshem rregullohen me rregullat për kuotizim të miratuara nga bursa.

(5) Rregullat për kuotizim, detyrimisht percaktojne kushte për zbardhjen e informatave dhe njoftimeve nga emetuesi, lerat me vlere të të cilit kuotojne në kuotizim të detyrueshem. Keto kushte nuk mund të jene më pak të detajuara ose rigoroze nga kushtet për zbardhje të informatave dhe njoftimeve të shoqerive aksionare me obligime të vecanta për njoftim në pajtim me kete ligj.

(6) Bursa mban regjister për çdo emetues letrat me vlere të të cilit kuotojne në kuotizimin e detyrueshem, në të cilin evidentohen dhe ruhen të gjitha të dhenat relevante dhe dokumentet për emetuesin.

(7) Emetuesi, letrat me vlere të të cilit kuotojne në kuotizimin e detyrueshem, detyrohet që t'i respektoje rregullat për kuotizim në burse.

(8) Letrat me vlere që kuotojne në kuotizimin e detyrueshem mund të hiqen nga kuotizimi i detyrueshem vetem gjate falimentimit dhe likuidimit të emetuesit.

(9) Emetuesi, letrat me vlere të të cilit kuotojne në kuotizimin e detyrueshem, mund t'i barte letrat me vlere në platforme tjeter në tregun zyrtar për tregtim, në pajtim me rregullat e burses."

Neni 6

Në nenin 153 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"Komisioni mban Regjister të shoqerive aksionare me obligime të vecanta për njoftim (në tekstin e metejme: Regjistri). Shoqeria aksionare dhe shoqeria komanditore me aksione regjistrohen në Regjistrin nese i plotesojne kushtet për shoqeri aksionare me obligime të vecanta për njoftim."

Neni 7

Titulli i nenit dhe neni 155 shlyhen.

Neni 8

Titulli i nenit dhe neni 157 shlyhen.

Neni 9

Titulli i nenit dhe neni 158 ndryshohen, si vijojne:

"Raporte rrjedhese për informata të ndjeshme për cmimin

Neni 158

(1) Shoqeria aksionare detyrohet që menjehere, e më së voni, deri diten e ardhshme të punes në Komision të dorezoje raport për krijimin e çdo informate të ndjeshme për cmimin (në tekstin e metejme: raporte rrjedhese) dhe më së voni në afat prej pese diteve të punes, së paku në një gazete ditore në Republiken e Maqedonise të publikoje njoftim për informate të ndjeshme për cmimin.

(2) Raportet rrjedhese, Komisioni menjehere pas marrjes i publikon në ueb faqen e vet.

(3) Raportet rrjedhese dhe njoftimin publik nga paragrafi (1) i ketij neni, vecanerisht kane të bejne me:

1) humbje më të madhe se 30% të aktives së shoqerise;

2) zvogelim i kryegjese baze nën madhesine e percaktuar në statutin e shoqerise;

3) fitim ose tjetersim të mbi 5% të mjeteve të shoqerise aksionare;

4) vendime të miratuara për transaksione me pale të interesuar dhe mendimi i revizorit të autorizuar, nese vlera e transaksionit ose vlera kumulative e transaksioneve të lidhura reciproke gjate 12 muajve të kaluar nga dita e miratimit të transaksionit, tejkalon 10% të vleres së aktives së shoqerise;

5) vendime të miratuara për transaksione të medha;

6) ndryshimi i revizorit të autorizuar;

7) doreheqje, shkarkim dhe emerim i anetareve të organeve drejtuese;

8) lidhje ose prishje të marreveshjeve apo ceshtje tjera juridike që ndikojne mbi punen dhe permbushjen e veprimtarise themelore të shoqerise aksionare;

9) çdo ngjarje që mund të shkaktoje pagese jo në kohe ose të parakohshme të detyrimeve financiare të shoqerise aksionare;

10) propozim i parashtruar për hapje të procedures së falimentimit ose procedures për likuidim, ose procedure të ngritur paraprake, perkatesisht procedure të hapur të falimentimit në gjykaten kompetente ose procedure të hapur të likuidimit;

11) mospermbushje e obligimeve në baze të letrave me vlere të leshuara nga shoqeria aksionare;

12) të gjitha procedurat gjyqesore në të cilat eshte perfshire shoqeria aksionare si padites, perkatesisht pale e paditur, vlera e të ciles eshte së paku 5% nga vlera e kapitalit të shoqerise e percaktuar në baze të raporteve të fundit të reviduara vjetore financiare;

13) të gjitha ndryshimet e të drejtave që i sjellin aksionet e të llojit të njejte dhe

14) të gjitha pengjet e bazuara (e drejta e pengut) mbi sende të tundshme, letra me vlere, kerkesa dhe të drejta tjera (peng dore) dhe në baze të patundshmerive (hipoteke) vlera e të ciles, veç e veç dhe/ose në menyre kumulative eshte së paku 5% nga vlera e kapitalit të shoqerise e percaktuar në baze të raporteve të fundit të reviduara financiare vjetore."

Neni 10

Pas nenit 158 shtohet titull i ri dhe nen i ri 158-a, si vijojne:

"Materiale për kuvendin e aksionareve

Neni 158-a

Shoqeria aksionare detyrohet që në afat prej dy ditesh nga konvokimi i mbledhjes së kuvendit të aksionareve në Komision, në forme elektronike t'i dorezoje të gjitha materialet që u jane dorezuar aksionareve gjate konvokimit të mbledhjeve të kuvendit të aksionareve."

Neni 11

Në nenin 160 pas fjales "gjysmevjetor" presja dhe fjala "tremujor" shlyhen.

Neni 12

Në nenin 164 numrat „154, 155, 156, 157 dhe 158" zevendesohen me fjalet: „154, 156 и 158".

Neni 13

Në nenin 182 paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

"Dy komisionare (anetare) në menyre profesionale e kryejne funksionin e tyre në Komision, kurse tre komisionare të jashtem (anetare) të Komisionit që angazhohen për kryerjen e puneve në Komision, për çka u takon kompensim."

Pas paragrafit (3) shtohen dy paragrafe të rinj (4) dhe (5), si vijojne:

"(4) Komisionaret (anetaret) që në menyre profesionale e kryejne funksionin e tyre në Komision jane me orar të plote të punes dhe nuk mund të kene funksion tjeter dhe të punesohen në vend tjeter ose të fitojne kompensim tjeter pervec pages si komisionare (anetare) dhe kompensime nga honorare të perkohshem edukative dhe autoriale.

(5) Komisionaret e jashtem (anetaret) kane të drejte të kompensimit mujor që e percakton Komisioni."

Neni 14

Në nenin 184 pika o) lidheza "dhe" në fund të fjalise zevendesohet me pikepresje.

Në piken p) pika në fund të fjalise zevendesohet me pikepresje dhe shtohen dy pika të reja r) dhe s) si vijojne:

"r) më afer i percakton kushtet që duhet t'i plotesoje revizori i autorizuar që të mund të jape mendime në proceduren e miratimit të marreveshjes me pale të interesuar në pajtim me Ligjin për shoqerite tregtare dhe

s) e percakton permbajtjen dhe formen e mendimit që revizori i autorizuar e jep në proceduren e miratimit të marreveshjes me pale të interesuar."

Neni 15

Pas nenit 184 shtohen dy tituj të rinj dhe dy nene të reja 184-a dhe 184-b, si vijojne:

"Kushte për revizor të autorizuar për dhenie të mendimit në procedure për miratimin e marreveshjes me pale të interesuar

Neni 184-a

(1) Revizori i autorizuar që mund të jape mendim për shoqerine aksionare për marreveshje me pale të interesuar, krahas kushteve nga Ligji për revizion, doemos duhet t'i plotesoje kushtet në vijim:

1) të kete pervoje në kryerje të revizioneve më shume se një vit;

2) të jete i punesuar në shoqeri për revizion;

3) në tre vitet e fundit të mos kete pasur masa të shqiptuara nga organi kompetent nga sfera e revizionit dhe

4) të jete i regjistruar në Regjistrin e revizoreve të autorizuar që japin mendim në proceduren e miratimit të marreveshjes me pale të interesuar, që e udheheq Komisioni.

(2) Shoqeria aksionare para se të emeroje revizor të autorizuar për miratimin e marreveshjes me pale të interesuar, duhet të percaktoje se revizori i autorizuar pervec kushteve nga paragrafi (1) i ketij neni i ploteson edhe kushtet në vijim:

1) të mos kete konflikt të interesave në mes shoqerise aksionare dhe revizorit të autorizuar që jep mendim në proceduren e miratimit të marreveshjes me pale të interesuar të shoqerise aksionare në fjale dhe

2) në tre vitet e fundit, revizori i autorizuar të mos kete dhene sherbime konsultuese për shoqerine aksionare.

(3) Komisioni më afer i percakton kushtet nga paragrafet (1) dhe (2) të ketij neni dhe dokumentacionin që parashtrohet si argument për plotesimin e tyre.

Regjistri i revizoreve të autorizuar

Neni 184-b

(1) Komisioni mban regjister të Revizoreve të autorizuar të cilet ofrojne mendim në proceduren e miratimit të marreveshjes me pale të interesuar, që udhehiqet në forme elektronike dhe mund të gjendet në faqen e internetit të Komisionit.

(2) Komisioni percakton, permbajtjen, menyren e mbajtjes dhe proceduren për regjistrimin e revizoreve të autorizuar në Regjistrin nga paragrafi (1) i ketij neni."

Neni 16

Në nenin 189 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"Komisioni nuk pergjigjet për autenticitetin, plotesine dhe saktesine e të dhenave të perfshira në Prospektin dhe ftesen për oferte publike, njoftimin për plasman privat, për mendimin e revizorit të autorizuar në procesin për miratimin e marreveshjes me pale të interesuar dhe për raport tjeter të dorezuar te Komisioni, aksionaret, dhe publiku nga emetuesi. Komisioni nuk pergjigjet edhe për të dhenat e shenuara në dokumentacionin për regjistrim dhe cregjistrimi nga Regjistri i shoqerive aksionare me obligime të vecanta për njoftim."

Neni 17

Në nenin 227 paragrafi (2) pikat a) dhe b) ndryshohen si vijojne:

"a) kompensime për vendosje për kerkesen e lejes për emetimin e letrave me vlere;

b) kompensime për vendosje me kerkesa të lejes për pune për të gjithe pjesemarresit e autorizuar në tregun e letrave me vlere, respektivisht shtepite e brokereve, bursat, depozitaret, bankat, brokeret dhe keshilltaret investues;".

Pikat d) dhe gj) ndryshohen si vijojne:

"d) kompensime për vendosje për kerkese të pelqimit të akteve për shoqerite e pjesemarresve në tregun e letrave me vlere;

gj) kompensime për vendosje me kerkese të lejes për pelqim për emerimin e drejtoreve të pjesemarresve në tregun e letrave me vlere;".

Neni 18
Në nenin 232-a paragrafi (1) pas numrit "242" shtohen numrat: "242-a, 242-b".

Neni 19
Në nenin 233 paragrafi (1) pika 18 pika në fund të fjalise zevendesohet me lidhezen "dhe" dhe shtohet pike e re 19, si vijon:

"19) nuk i kryen obligimet që dalin nga neni 80-a i ketij ligji."

Neni 20
Në nenin 242 paragrafi (1) pika 5 ndryshohet si vijon:

"nuk i dorezon te Komisioni raportet vijuese dhe/ose nuk i publikon informatat e cmimeve të ndejshme në pajtim me nenin 158 të ketij ligji;".

Neni 21
Pas nenit 242 shtohen dy nene të reja 242-a dhe 242-b, si vijojne:

"Neni 242-a
(1) Gjobe në shume prej 4 000 deri në 5 000 euro në kundervlere me denare do t'i shqiptohet për kundervajtje shoqerise aksionare nga neni 184-a të ketij ligji, nese:

1) emeron revizor të autorizuar në kundershtim me kushtet nga neni 184-a paragrafet (1) dhe (2) të ketij ligji dhe

2) nuk e siguron dokumentacionin e nevojshem nga neni 184-a paragrafi (3) të ketij ligji.

(2) Gjobe në shume prej 1 000 deri në 2 000 euro në kundervlere me denare do t'i shqiptohet për kundervajtje nga paragrafi (1) i ketij neni, personit pergjegjes në shoqerine aksionare.

Neni 242-b
Gjobe në shume prej 1 000 deri 2 000 euro në kundervlere me denare do t'i shqiptohet për kundervajtje revizorit të autorizuar nga neni 184-a i ketij ligji, nese nuk jep mendim për marreveshjen me pale të interesuar në permbajtjen dhe formen e percaktuar në pajtim me kete ligj."

Neni 22
Emetuesit e letrave me vlere të cilet me gjendjen më 31 dhjetor 2012, 31 dhjetor 2013, 31 dhjetor 2014, 31 dhjetor 2015 dhe 31 dhjetor 2016 do t'i plotesojne kushtet për kuotizim të detyrueshem të percaktuar nga rregullat e kuotizimit të burses, detyrohen që më së voni deri më 30 prill vitin e ardhshem të parashtrojne kerkese në bursen për kuotizimin e letrave të tyre me vlere në platformen kuotizim i detyrueshem.

Nese letrat me vlere që kuotojne në burse në pajtim me nenin 80 të ketij ligji, perjashtohen nga kuotizimi në burse gjate periudhes nga paragrafi (1) të ketij neni, barten në platformen kuotizim i detyrueshem të burses, nese i plotesojne kerkesat nga neni 80-a të ketij ligji.

Neni 23
Anetaret ekzistues të Komisionit për Letra me Vlere vazhdojne ta kryejne funksionin e anetareve të Komisionit për Letra me Vlere deri në emerimin e anetareve të rinj të Komisionit për Letra me Vlere në pajtim me kete ligj.

Qeveria e Republikes së Maqedonise në afat prej 30 ditesh nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji, në Kuvendin e Republikes do të paraqese propozim për emerimin e anetareve të Komisionit të Letrave me Vlere në pajtim me kete ligj.

Neni 24
Për shoqerite aksionare letrat me vlere të të cilave kuotohen në burse zbatohen dispozitat e Ligjit për marrjen e shoqerive aksionare ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 4/2002, 37/2002, 36/2007, 67/10 dhe 35/11) në periudhe prej nente muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

Neni 25
Dispozitat e nenit 1 me të cilin plotesohet neni 2 pika 2 për pjesen e kuotimit të detyrueshem, nenit 5 me të cilin plotesohet neni i ri 80-a dhe nenit 22 të ketij ligji, shfuqizohen më 30 prill 2018.

Neni 26
Aktet nenligjore të ketij ligji do të miratohen në afat prej 30 ditesh nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

Neni 27
Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**476.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРАНЦИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за странците,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 јануари 2013 година.

Бр. 07-406/1
21 јануари 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРАНЦИТЕ**

Член 1
Во Законот за странците („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2006, 66/2007, 117/2008, 92/2009, 156/10, 158/11 и 84/12), во членот 49 став 2 алинеја 2 сврзникот „или“ се заменува со запирка.

Во алинејата 3 точката се заменува со сврзникот „или“ и се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- странец резидент на држава членка на Европската унија и на Организацијата за економска соработка и развој (во натамошниот текст: ОЕЦД), кој стекнал право на сопственост на стан, станбена зграда и куќа на територијата за Република Македонија под услови утврдени со закон, во износ од најмалку 40.000 евра.“

Член 2
По членот 79 се додава нова потточка s-1 и нов член 79-а, кои гласат:

„s-1. Дозвола за привремен престој за странец кој стекнал право на сопственост на стан, станбена зграда и куќа на територијата на Република Македонија.

Член 79-а
На странец резидент на држава членка на Европската унија и на ОЕЦД, му се издава дозвола за привремен престој ако странецот кон барањето приложи и доказ дека се стекнал со право на сопственост на стан, станбена зграда и куќа на територијата на Република Македонија под услови утврдени со закон.